**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-122/3**
**Скопје, 23.05.2023 година**

Записник од осумдесеттата седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 23.05.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку Заменик претседател
г-ѓа Душица Димитриевска член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г.Љубомир Јовески член
г-Иџет Мемети член
г.Ермон Незири член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесеттата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 78 (седумдесет и осма) и 79 (седумдесет и деветта) седница на Советот.
2. Донесување на Одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип.
3. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола.
4. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес.
5. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар.
6. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Дебар.
7. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево.
8. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево.
9. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово.

10. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид.
11. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп.
12. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе.
13. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга.
14. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово.
15. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 80-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 78 (седумдесет и осма) и 79 (седумдесет и деветтата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека на Огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип, се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител Татјана Кацарова, досегашен ВД ОЈО на ОЈО Штип. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на јавниот обвинител, истакна дека е позитивно оценета по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот, кажа дека доаѓа од тоа подрачје, дека ја познава кандидатката и дека е добро запозната со нејзиното работење како јавен обвинител. Истакна дека станува збор за стручен и искусен јавен обвинител, која и додека ја извршувала функцијата ВД ОЈО на ОЈО Штип, се покажала добро во организацијата на јавното обвинителство и смета дека Советот може да и даде доверба во извршувањето на оваа функција.

Јавниот обвинител на РСМ, г-дин Љубомир Јовески ја поддржа кандидатурата на јавниот обвинител Татјана Кацарова, воедно кажа дека во извршувањето на функцијата ВД ОЈО на ОЈО Штип, има покажано солидни резултати и според тоа заслужува да и се даде доверба да ја извршува функцијата ОЈО на ОЈО Штип во наредните четири години.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на ОЈО на ОЈО Штип.

**Кандидатот Татјана Кацарова доби 9 гласа ЗА**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Татјана Кацарова за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип. Функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека од оваа точка до точката четиринаесет од дневниот ред се работи за избор на јавни обвинители кои имаат завршено почетна обука во АСЈО и предложи откако ќе бидат избрани функцијата јавен обвинител да ја извршуваат од 01.06.2023 година, поради административни околности.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Се помина на избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на пријавените двајца кандидати. Кажа дека лично ги познава кандидатите бидејќи двајцата се од Битола, и истакна дека се работи за добри кадри, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку. Кажа дека двата кандидати биле во групата каде што лично учествувал на водењето на интерјвуата со кандидатите и кажа дека му имаат оставено позитивно мислење и добро познавање на материјалните закони особено на ЗКП, смета дека се добро обучени од страна на АСЈО и дека со нивниот ибор како јавни обвинители ОЈО Битола ќе се стекне со квалитетен јавно обвинителски кадар.

Член на Советот се согласи со кажаното од страна на заменик претседателот на Советот, и воедно кажа дека сите кандидати со мал број на исклучоци добро се покажале при водењето на интерјуата, дека имаат дадено солидни одговори и верува дека ќе донесат свежина во работењето и дека ќе воведат некакви новини во работата на јавното обвинителство.

Член на Советот се согласи со кажаното од страна на колегите,а во поглед на кандидатот Борче Коруновски кажа дека Советот може да се гордее со таков млад кандидат кој оставил добар впечаток со својата стручност, сериозност и интегритет кој како што кажа се гледа од самиот почетоток на неговата јавно обвинителска кариера.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Јовески општо за сите кандидати кажа дека биле подложени на сериозни проверки и покажување на знаење во делот на уписот во АСЈО и понатаму во посетата на Академијата. Воедно очекува од овие кандидати дека ќе ја оправдаат довербата на Советот и го поддржува нивниот избор за јавни обвинители.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во ОЈО Битола..

**Кандидатот Борче Коруновски доби доби 9 гласа ЗА, кандидатот Марија Чурлиновска доби 9 гласа ЗА**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Борче Коруновски и Марија Чурлиновска за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола ќе ја извршуваат од 01.06.2023 година.**

Под почката четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, кажа дека на огласот за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Велес, се имаат пријавено пет кандидати со завршена обука од АСЈО и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатите по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, кој кажа дека сите пет кандидати кои биле на интерјуто оставиле позитивно мислење, дека истите имале општо познавање на ЗКП, и воедно кажа дека согласно предвидената систематизација ќе се избира само еден кандидат. Кажа дека својот глас ќе го даде за кандидатот Александра Станковска од причина што живее во Велес, а за останатите кандидати ќе биде воздржан од причина што поинаку не би можел да гласа.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека во овој случај има повеќе пријавено кандидати само за едно јавно обвинителско место, од кои кандидати само едниот доаѓа од Велес, додека останатите се со место на живеење во Скопје. Смета дека Советот што поскоро треба да објави огласи и за местата кои нема да се пополнат, со што сите кандидати кои ја имаат завршено обуката за јавни обвинители ќе бидат избрани по јавните

обвинителства. Воедно смета дека во конкретниот случај е подобро да се даде предност на кандидатката која доаѓа од Велес за избор на јавен обвинител во ОЈО Велес.

Член на Советот кажа дека учествувал во интерјуто на овие кандидати го потврди искажаното од страна на колегата Иџет Мемети дека четири кандидати се од Скопје, а само еден кандидат е од Велес, дека сите кандидати оставиле одличен впечаток во однос на познавањето на процесното и материјалното право со висок интегритет и го поседуваат тоа што треба да го има секој добар јавен обвинител. Кажа дека четворицата кандидати кажале дека преферираат да бидат избрани во ОЈО Скопје и од тие причини ќе го поддржи кандидатот кој доаѓа од Велес, но не само поради тоа што живее во Велес, туку оставила за нијанса подобар впечаток од останатите кандидати што може да се види и од конечната ранг листа од АСЈО, каде што е второ рангирана.

Член на Советот кажа ова е негова прва јавна седница како член на Советот и дека сите членови начнале некои параметри според кои Советот треба да се раководи при избор на јавни обвинители. Кажа дека ќе укаже доверба на членовите на Комисијата кои ги вршеле интервјуата и така ќе се раководи при самото гласање за избор на јавни обвинители.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Велес.

**Кандидатот Александра Станковска доби 9 гласа ЗА, кандидатот Елена Манчева Костова доби 8 гласа ВОЗДРЖАНИ и 1 глас ПРОТИВ, кандидатот Игор Димитровски доби 7 гласа ВОЗДРЖАНИ и 2 гласа ПРОТИВ, кандидатот Зоран Здравев доби 7 гласа ВОЗДРЖАНИ и 2 гласа ПРОТИВ и кандидатот Фатмир Муса доби 8 гласа ВОЗДРЖАН и 1 глас ПРОТИВ**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Александра Станковска за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката пет од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на тројца јавни обвинители во ОЈО Гостивар, се имаат пријавено шест кандидати.

Збор зема г-дин Иџет Мемети кој ги извести членовите на Советот дека согласно членот 10-б од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, се иззема од оваа точка од дневниот ред, а учество ќе земе за останатите точки од дневниот ред, по што ја напушти седницата на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со биографијата и движењето на кариерата за секој кандидат поединечно по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот кажа дека се работи за добри кандидати кои дале солидни одговори од практичната примена на законите, смета дека имаат добра теоретска основа и дека успешно би ја извршувале функцијата јавен обвинител.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека според податоците двајца од кандидатите работеле како стручни соработници во јавното обвинителство, додека еден работел во судот како стручен соработник, додека другите кандидати немаат такво работно искуство и имаат работено во други институции. Истакна дека во овој случај би им дал предност на кандидатите кои имаат јавно обвинителско искуство во работењето.

Член на Советот кажа дека е задоволна од работењето на кандидатите, дека има соработувано со кандидатите кои биле стручни соработници, кажа дека се спремни и подготвени, ги познаваат сите законски прописи и дека ќе можат со успешност да ја извршуваат јавно обвинителската функција. Воедно потенцираше дека колегијалноста е на највисоко ниво.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кажа дека верува на колегите кои го воделе интервјуто со овие кандидати од кои шест кандидати, пет се со

живеалиште во Гостивар. Кажа дека согласно ситематизацијата Советот може да избере само тројца кандидати. Воедно кажа дека има сознанија дека станува збор за добри и квалитетни кандидати и дека успешно би ја извршувале јавно обвинителската функција.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во ОЈО Гостивар..

**Кандидатот Илир Јакупи доби 8 гласа ЗА, кандидатот Барлет Џафери доби 8 гласа ЗА, кандидатот Александра Димоска доби 8 гласа ЗА, кандидатот Зура Селими доби 1 глас ЗА 6 ВОЗДРЖАНИ и 1 глас ПРОТИВ, кандидатот Александра Дамјаноска Николоска доби 4 гласа ЗА 4 ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Ајбејан Ајдини доби 6 гласа ЗА, ВОЗДРЖАНИ и 2 гласа ПРОТИВ.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Илир Јакупи, Барлет Џафери и Александра Димоска за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар ќе ја извршуваат од 01.06.2023 година.**

На седницата беше повикан да се врати г-дин Иџет Мемети, по што се премина на точката шест од дневниот ред избор на јавен обвинител во ОЈО Дебар. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за јавен обвинител во ОЈО Дебар се има јавено еден кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, кажа дека на интервјуто кандидатката се истакнала со познавање на материјалното и процесното право и е со мислење дека со нејзиниот избор ОЈО Дебар ќе добие доста квалитетен јавен обвинител.

Член на Советот кажа дека исто така учествувал на интерв јуто со кандидатката и се сложи со колегата Арбер Исаку, кажа дека кандидатката оставила одличен впечаток во однос на познавањето на теоријата како и на праксата и воедно го истакна одличното говорење на македонскиот литературен јазик.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Дебар.

**Кандидатот Анита Граждани Пачуку доби 9 гласа ЗА**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Анита Граждани Пачуку за јавен обвинители во Основното јавно обвинителство Дебар. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Дебар ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката седум од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Делчево се има пријавено еден кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот кажа дека кандидатот има работено како адвокат дека живее во Берово, и дека секој ден би патувала до работното место

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Делчево.

**Кандидатот Сузана Бошнаковска доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Сузана Бошнаковска за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката осум од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на тројца јавни обвинители во ОЈО Кичево се имаат пријавено двајца кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатите, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Јасна Жежова кажа дека станува збор за солидни кандидати кои покажале добра теоретска подготвеност и дале солидни одговори на прашања од практичната примена на законите и смета дека успешно би ја извршувале функцијата јавен обвинител.

Г-дин Ицет Мемети го дели мислењето со колешката Јасна Жежова, кажа дека станува збор за солидни кандидати со солидно познавање на правото и законите и знаат да се постават во однос на функцијата јавен обвинител и воедно кажа дека ќе даде поддршка за двајцата кандидати .

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во ОЈО Кичево.

**Кандидатот Албулена Абази доби 9 гласа ЗА, кандидатот Емрах Михтароски доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Албулена Абази и Емрах Михтароски за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево ќе ја извршуваат од 01.06.2023 година.**

Под точката девет од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека на огласот за избор на двајца јавни обвинители во ОЈО Куманово се има пријавено еден кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку даде позитивно мислење за овој кандидат согласно неговото професионално движење на кариерата, дека има познавање на материјалните закони и ќе го поддржи неговиот избор за јавен обвинител во ОЈО Куманово.

Г-ѓа Фиданка Рајевска кажа дека исто така ќе го подржи кандидатот од причина што е и единствен кандидат кој конкурирал за ОЈО Куманово.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Куманово.

**Кандидатот Самир Акифи доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Самир Акифи за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката десет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за избор на јавни обвинители во ОЈО Охрид се има пријавено еден кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Влатко Георгиевски кој кажа дека учестувакл во интерјуто на кандидатката и дека оставила одлучен впечаток во поглед на познавањето на теоретскиот дел , што несомнено е потврден со нејзиниот успех во АСЈО, каде што е на девето место на листата кандидати за јавни обвинители. Кажа дека станува збор за млада особа што дава слика за нова енергија која ќе се внесе во јавното обвинителство и воедно кажа доколку имало повеќе кандидати, повтпорно би се определил за овој кандидат.

Г-ѓа Фиданка Рајевска кажа дека се рабори за изклучително комуникативна личност каде што може да се види дека е подготвена да влезе во јавно обвинителската работа и ндека тоа лично го посакувала.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Охрид.

**Кандидатот Кристина Илиеска Атанасова доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Кристина Илиеска Атанасова за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Охрид ќе ја извршуваат од 01.06.2023 година.**

Под точката единаесет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за избор на двајца јавни обвинители во ОЈО Прилеп се има пријавено еден кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-дин Влатко Георгиевски кажа дека на интерјуто кандидатот давал одлични одговори, кажа дека имал одлична теоретска подготвеност што кажува и неговото трето место на ранг листата од АСЈО. Кажа дека станува збор за млад исклучително интилигентен и енергичен кадар кој што апсолутно ја заслужува поддршката за избор на јавен обвинител.

Г-ѓа Фиданка Рајевска се согласи со констатациите на колегата Влатко Георгиевски и воедно би го издвоила како најдобар кандидат од комисијата каде што учествувала при водењето на интервјуата.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Прилеп.

**Кандидатот Стевчо Биноски доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Стевчо Биноски за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката дванаесет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за избор на јавен обвинител во ОЈО Свети Николе се има пријавено еден кандидат и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката

биографија и движењето на кариерара на кандидатот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Влатко Георгиевски кој што кажа дека станува збор за солиден кандидат со завршена АСЈО и воедно кажа дека и покрај тоа што кандидатот живее во Скопје, се има пријавено јавно обвинителската функција да ја извршува во ОЈО Свети Николе.

Г-ѓа Јасна Жежова кажа дека веќе подолг временски период во ова јавно обвинителство нема јавен обвинител, а кандидатот кој што живее во Скопје се има јавено да ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Свети Николе и воедно смета дека ова многу ќе значи за ова јавно обвинителство како и за јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Свети Николе.

**Кандидатот Дарко Цветановски доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Дарко Цветановски за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката тринаесет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за избор на јавен обвинител во ОЈО Струга се имаат пријавено двајца кандидати и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатите, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кој кажа дека и двете кандидатки му оставиле позитивно мислење, дека имаат дадено точни и прецизни одговори на прашањата, одлично познавање на ЗКП, и воедно кажа дека станува збор за избор на еден јавен обвинител, предност би дал на кандидатот Ермира Муса Нура од причина што смета дека за нијанса е над другиот кандидат и има работно искуство во судството.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Струга.

**Кандидатот Ермира Муса Нура доби 9 гласа ЗА, кандидатот Валнеса Бизати Биљали доби 2 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ и 1 глас ПРОТИВ**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Ермира Муса Нура за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга ќе ја извршува од 01.06.2023 година.**

Под точката четиринаесет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за избор на шест јавни обвинители во ОЈО Тетово се имаат пријавено тројца кандидати и воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерара на кандидатите, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јасна Жежова истакна дека станува збор за солидни кандидати, дека дале добри одговори на поставените прашања, дека имаат добра теоретска подготовка и дека посебен впечаток и оставила кандидатката Нина Димитриевска и смета дека сите кандидати заслужуваат да бидат избрани за јавни обвинители.

Г-дин Иџет Мемети истакна дека во однос на познавањето на прописите кажала колешката Јасна Жежова, бидејќи биле во иста група која го водела интервјуто со кандидатите и дека тројцата кандидати покажале солидно познавање на прописите и материјалното право. Воедно кажа дека едно што се истакнува е тоа што еден од кандидатите и тоа кандидатот Нина Димитриевска цело време има работено во ОЈО Тетово, и разговорот со неа бил како со искусен јавен обвинител, другиот кандидат имал работно искуство со работа во суд и тоа во граѓанскиот оддел кој давал исто така солидни одговори и кој ја посакувал функцијата како јавен обвинител, додека третиот кандидат има работно искуство како адвокат. Воедно истакна дека законот е ограничувачки во некои работи и создава некаква несигурност кај кандидатите при изборот дали ќе се определат за судии или јавни обвинители. Воедно кажа дека ќе ги поддржи тројцата кандидати за избор за јавни обвинители во ОЈО Тетово. Кажа дека за ОЈО Тетово ќе треба да се изберат уште јавни обвинители.

Г-ѓа Фиданка Рајевска кажа дека се дискутирало дали обуката треба да биде еднаква за судии и јавни обвинители и дека со новите измени кои претстојат на Законот за академија ќе можат кандидатите да се произнесат после практичниот дел.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во ОЈО Тетово.

**Кандидатот Илир Абдурахмани доби 9 гласа ЗА, кандидатот Нина Димитриеска доби 9 гласа ЗА и кандидатот Јетмир Беџети доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Илир Абдурахмани, Нина Димитриеска и Јетмир Беџети за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово. Функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово ќе ја извршуваат од 01.06.2023 година.**

Под точка разно од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на АСЈО. Од страна на членовите на Советот беше одлучено писмото да се препрати до ЈОРСМ.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека на денешната седница на Советот биле избрани поголем број на јавни обвинители со завршена АСЈО, и воедно предложи што поскоро да се објават огласи за останатите кандидати кои ја имаат завршено почетната обука за судии и јавни обвинители во јавни обвинителства каде што е најсоодветно и каде што недостасува јавно обвинителски кадар.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи осумдесеттата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**